**СТОПАНСКА БАНКА а.д. Битола**

Врз основа на член 48 и 49 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО. бр.02-2482/I-2 од 26.3.2015 година (Пречистен текст) и Одлуката на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-22961/1/II.1-7 од 21.12.2016 година,

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БАНКАТА ОБЈАВУВА

## ЈАВЕН ПОВИК

### ЗА УЧЕСТВО НА СОБРАНИЕ НА БАНКАТА

**39**. Собрание на Стопанска банка а.д. Битола ќе се одржи во Битола, на **22.2.2017 година (среда)** со почеток во **12.00 часот**, сала за состаноци на трети кат, во Централата на Банката во Битола, со следниот:

### ДНЕВЕН РЕД

**I Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела
2.1 Избор на претседавач
2.2 Избор на двајца бројачи на гласови
3. Констатирање кворум за работа на Собранието

**II. Работен дел**

1. Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола
2. Предлог-одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог

- Мислење на Надзорниот одбор на Банката

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Банката е должен да го пријави своето учество (пријава за учество на Собранието) најдоцна 1 час пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават во Банката – Сектор за правни работи и управување со Кабинет на Управен одбор – референт за седници.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред во согласност со Статутот на Банката и со Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин во согласност со Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да ја извести Банката писмено или електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.mk.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и предлог-одлуки по точките од дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барање за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред, предлагање одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на друштвото во рок од 8 (осум) дена од испраќањето на јавниот повик за одржување на Собрание на друштвото. За подетални информации за постапката за доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.mk.

Материјалите за Собранието на Банката и дополнителни информации во согласност со Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во библиотеката на Банката (трети кат, Централа на Банката), ул. „Добривоје Радосавлевиќ“ бр. 21, Битола, како и на интернет-страницата на Банката www.stbbt.mk.

---

Врз основа на Одлуката за доделување средства за стипендии „Габриела Коневска Трајковска“ за академски универзитетски студии од втор циклус во странство од областа на правото, економијата и политиките на Европската Унија за академската 2017/2018 година, донесена на Седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.12.2016 година, (Сл. Весник бр. 223/2016 од 28.12.2016), Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија распишува:

## КОНКУРС

### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ ЗА АКАДЕМСКИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС “ГАБРИЕЛА КОНЕВСКА ТРАјКОВСКА“ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО, ЕКОНОМИјАТА И ПОЛИТИКИТЕ НА ЕУ ВО СТРАНСТВО ЗА АКАДЕМСКАТА 2017/2018 ГОДИНА

Овој конкурс се однесува на академски универзитетски студии од втор циклус од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство, при што предност ќе се даде на кандидатите:

- кои немаат обезбедени финансиски средства за покривање на студиите од наведените области по друг основ, чии одобрени апликации за упис се од факултети кои се повисоко рангирани согласно Шангајската листа, како и на кандидатите со висок просечен успех на студиите и кандидатите со завршено додипломско образование на високо рангираните универзитети согласно националното рангирање или
- кои немаат обезбедени финансиски средства за покривање на студиите од наведените области по друг основ и се запишани на постдипломски студии од областа на Европската Унија на Колеџот на Европа од Бриж, Белгија или на Колеџот на Европа од Натолин, Полска, во склад со склучените Меморандуми за соработка меѓу Секретаријатот за европски прашања и овие високообразовни институции.

Кандидатот за доделување на средствата за стипендија треба да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да е административен службеник;
- да поседува универзитетска диплома за завршено соодветно високо образование и уверение за положени испитисо стекнати најмалку 240 ЕКТС, ниво VIА според Националната рамка на високообразовните квалификации, односно VII/1 според поранешните степени;
- да потврди дека одлично го владее англискиот јазик (TOEFL, IELTS), или да приложи друг релевантен доказ дека еден дел од своето образование го завршил на англиски јазик или долгогодишно го користел странскиот јазик по основ на привремено жителство или подолг престој во одредена странска држава и други релевантни фактори за познавање на јазикот. Познавањето на други странски јазици од земјите членки на ЕУ ќе се смета за предност;
- да достави потврда од Универзитетот каде се запишува како доказ дека ги исполнува условите за упис на соодветниот факултет и дека е примен на соодветна програма за која аплицирал за академски универзитетски студии од втор циклус кои траат една академска година (до 12 месеци) во наведените области ;
- да достави целосна документација во пријавата по конкурсот, и тоа: пополнет образец за пријавување, биографија на македонски и на англиски јазик, линк до програмата на студирање, односно список на предмети содржани во студиите, релевантна потврда за владеење на англискиот јазик и универзитетска диплома за завршено соодветно високо образование со уверение за положени испити,
- решение за работно место;
- потврда, комуникација или документ за прием на апликацијата на студиите и мотивациско писмо на македонски и на англиски јазик.

Условите за доделување стипендии, обрасците за пријавата, како и други информации ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на Секретаријатот за европски прашања по објавувањето на конкурсот.

Нема да бидат разгледувани пријавите на кандидатите кои:

- доставиле нецелосна документација;
- доставиле пријава по истекот на крајниот рок за пријавување на конкурсот;
- кои веќе се запишани и/или следат академски универзитетски студии од втор циклус од областа на ЕУ во странство;
- кои веќе завршиле едни академски универзитетски студии од втор циклус во Република Македонија или во странство и бараат стипендија за втори академски универзитетски студии од втор циклус;
- започнале постапка за запишување или се запишале на академски универзитетски студии од втор циклус од областа на ЕУ во странство, кои траат подолго од 12 месеци;
- кои не се административни службеници.

Давателот на стипендијата се обврзува да ги покрие трошоците во висина од најмногу 20.000,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата. Трошоците кои го надминуваат наведениот износ ќе бидат на товар на корисникот на стипендијата. Средствата се доделуваат за обезбедување на трошоците за запишување, сместување, исхрана и патни трошоци до дестинацијата на студирање и назад.

Пријавата за овој конкурс треба да ги содржи следниве документи **во електронска форма**:

- пополнет образец за пријавување на конкурсот за доделување на стипендии за академски универзитетски студии од втор циклус од областа на ЕУ;
- биографија на македонски и на англиски јазик (ЕУ формат);
- линк до програмата на академски универзитетски студии од втор циклус - доколку нема линк или пак програмата не е опишана на интернет, список на предметите од кои се состои програмата;
- потврда дека одлично го владее англискиот јазик (TOEFL, IELTS, или друг релевантен доказ дека ги завршил своите додипломски студии на англиски јазик надвор од државата, или, пак, долгогодишно го користел странскиот јазик по основ на привремено жителство или подолг престој во одредена странска држава и други релевантни фактори за познавање на јазикот);
- универзитетска диплома за завршено соодветно високо образование и уверение за положени испити,;
- потврда/комуникација за прием на документите, односно аплицирање на академски универзитетски студии од втор циклус за ЕУ/ЕИ на високообразовна институција во странство;
- писмо со коешто се образложуваат мотивите за конкурирање, на македонски и на англиски јазик.

Образецот за пријавување и ЕУ формат на биографија може да се најдат на интернет страницата на Секретаријатот за европски прашања: http://www.sep.gov.mk/content/?id=87#.WHjceFUrKM9
Образецот, исто така, може да се подигне и во архивата на Секретаријатот за европски прашања или по барање на потенцијалниот кандидат да му се испрати по пошта.

Конкурсот е објавен на **16.01.2017** година со траење од 30 дена, а краен рок за пријавување е **14.02.2017 година, до 23:59 часот.**

**На 01.02.2017 година (среда), во 10:00 часот**, во просториите на СЕП, на Кеј Димитар Влахов бр. 4, Скопје (поранешна зграда на Комерцијална банка) ќе се одржи **информативен ден**, кога ќе може да се добијат подетални информации за стипендиите.

Евалуацијата на пристигнатите апликации ја врши посебно формирана Комисија. По првата селекција, кандидатите кои ги исполнуваат административните услови ќе бидат повикани на интервју. Комисијата и предлага на Владата на Република Македонија ранг-листа, и го врши изборот по усвојување на ранг-листата од страна на Владата.

Избраните кандидати потпишуваат **договор** со Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија. Избраните кандидати се обврзуваат **да бидат работно ангажирани во органите на државната управа** во период од **3 години** од завршувањето на академски универзитетски студии од втор циклус.

За извршениот избор на кандидати се известуваат сите кандидати кои се пријавиле на конкурсот во рок од осум дена од денот на извршениот избор.

Пријавите се испраќаат **по електронски пат** на следната е-маил адреса: stipendii@sep.gov.mk, каде може да се добијат и дополнителни информации за стипендиите.

Пријавите може исто така да се испратат по пошта на следната адреса со назнака:

**Влада на Република Македонија**
**Секретаријат за европски прашања**
***(оглас за доделување стипендии „Габриела Коневска Трајковска“)***
**Кеј Димитар Влахов бр. 4**
**1000 Скопје**

или лично да се предадат во затворен плик во Архивата на Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до горе-назначениот датум.